# Слоу Фуд Македонија и Хера Турс Травел Ве водат на: Тера Мадре 2022




Бидете дел од најголемиот и најексклузивен глобален настан посветен на земјоделството, храната и гастрономијата, од 22-26 септември 2022 во Торино, Италија.

Регионот Пиедмонт и градот Торино, Италија од 22-26 септември ќе бидат домаќини на 14-то издание на меѓунарониот саем на Слоу Фуд:  Тера Мадре Салон дел Густо. Ова е најважниот настан кој е посветен на културата и храната. На настанот ќе учествуваат 130 земји, 700 изложувачи на храна.

Целосна програма на настанот: https://2022.terramadresalonedelgusto.com/en/

Тера Мадре Салон дел Густо е настан кој се организира на секои две години. Оваа година, Слоу Фуд одлучи најголем дел од активностите и изложувачите да ги смести на просторот на паркот Дора, но и во музеите и кралските палати низ Торино. За да ви го донесе поблиску овој настан, Слоу Фуд Македонија во соработка со туристичката агенција „Хера Турс“ организира 8 дневен аражман во градот Торино и регионот Пиедмонт.

Slow Food® Macedonia

HERA TOURS Travel Agency

# 1.Информации за турата:

Патувањето опфаќа посета на саемот Тера Мадре Салон дел Густо, градот Торино со неговите знаменитости како и тура околу Торино и во регионот Пидемонт кој е познат како регион каде што се произведуваат едни од најквалитетните вина во светот.

**1 ден | 20.09.2022 | вторник | Битола-Скопје-Торино**

Тргнувањето ќе биде од Битола пред спортската сала „Младост„ 06:00 часот, Скопје „Дрводекор" во 09.00 часот. Се патува преку Ниш, Белград, Загреб, Трст, Венеција. Патувањето ќе се одвива со кратки попатни паузи за царински формалности и одмор на барање на патниците.

**2 ден | 21.09.2022 | среда | Венеција**

Пристигнување во утринските часови во Местре, Венеција, со воз се патува во Венеција, на полудневна екскурзија низ градот. Во 13 часот враќање во Местре и продолжување на патувањето за Торино. Пристигнување во Торино во паркот Дора за најава на делегацијата. Патување до хотелот и сместување. **Ноќевање.**

**3. ден | 22.09.2022| четврток | Отварање на саемот**

После појадокот се оди на настанот Тера Мадре. Оваа година саемскиот дел ќе се одвива во паркот Дора во Торино. Планирана е тура за запознавање со настанот во периодот 12-16 часот, старт пред Македонскиот штанд. Целодневна посета на настанот. Враќање во хотел . **Ноќевање**.

**4 ден | 23.09.2022 | петок | Тера Мадре и разгледување на Торино**

После појадокот, напуштање на хотелот и упатување на настанот Тера Мадре. Факултативна посета на Базиликата на Суперга, гробница на повеќе принцови и кралеви од династијата Савоја. Разгледување на гратчето Венариа Реале и факултативна посета на палатата „Регия ди Венариа" и стадионот на „Јувентус " посета на музејот и шопинг центарот кои се наоѓаат во негов склоп. **Ноќевање.**

**5 ден | 24.09.2022 | сабота | Тера Мадре и прошетка низ Торино**

После појадокот, се упатуваме на настанот Тера Мадре. Денот може да се помине на саемот или во разгледување на Торино, факултативна можност за индивидуално разгледување на градот со панорамски автобус. Прошетка низ паркот Валентино – еден од најзначајните симболи на Торино, во внатрешноста на паркот се наоѓа прекрасната и огромна фонтана La Fontana dei Mesi e delle Stagioni, потоа кон Piazza Vittorio Veneto, каде се наоѓа црквата Gran Madre di Dio. Прошетката можете да ја продолжете кон Mole Antonelliana (Музејот на

кинематографијата), од каде се пристигнува до Piazza Castello, каде се наоѓа Teatro Regio – еден од најзначајните театри во Италија. На истиот плоштад се наоѓа Palazzo Reale, Chiesa di San Lorenzo, Palazzo Madam.
Се продолжува кон Piazza San Carlo (најубавиот плоштад во Торино), па Piazza Carlo Alberto во чија близина се наоѓа познатата Via Roma, на тој плоштад се наоѓало седиштето на Фашистичката партија од каде Мусолини ги држел своите говори. Факултативна посета на некој од музеите: Музејот на кинематографијата, Египетскиот музеј, Воениот музејот. Враќање на саемот, органзирање на групата и враќање во хотелот. **Ноќевање.**

**6 ден | 25.09.2022 | недела | Винска тура низ Пиедмонт**
После појадокот, напуштање на хотелот. Се упатуваме најпрво на настанот Тера Мадре, а потоа во посета на еден од најпознатите вински региони во светот: го посетуваме Бра, градчето каде се роди идејата за Слоу Фуд, а денес е седиште на организацијата. Поленцо, седиштето на Универзитетот за гастрономски науки и познатата „Банка за вино“ ( Banca del Vino), каде може да се дегустираат неколку стотици на вино. Потоа во Монфорте Д`Алба, градче во чија околина каде што се произведуваат најдобрите вина и потоа одиме во градчето Бароло, по чие име го носи едно од најпознатите вина од регионот. Ќе ја посетиме винарската визба „Маркези ди Бароло“ и ќе уживаме во дегустацијата на нивното Бароло. Последната станица на денот ќе биде во Гринцане Кавур, замок во кој се наоѓаат винскиот музеј и регионалната винотека на регионот Пиедмонт. Враќање на Тера Мадре, собирање на групата и потоа враќање во хотелот. **Ноќевање.**

**7 ден | 26.09.2022 | понеделник | Посета на Тера Мадре и шопинг.**
После појадокот, се упатуваме на Тера Мадре.
Слободно време за шопинг на саемот, бидејќи е последен ден и има снижување на цените, во ексклузивните продавници околу кралската плата и во трговскиот центар Лингото. Во 16 часот започнува журка на македонскиот павилјон
Во доцните попладневни часови се тргнува од Торино кон Белград, Србија.

**8 ден | 27.09 2018 | вторник | Пауза и прошетка во Белград**
Пристигнување во Белград во претпладневните часови. Еднодневна тура низ Белград со почетна точка на Ушче и прошетка низ Кнез Михајлова, Калемегдан, Скадарлија... Во попладневните часови тргнување кон Македонија.

**9 ден | 28.09 2018 | вторник | Пристигнување во Македонија**
Пристигнување во Скопје во полноќните часови, а Битола рано наутро.

## 2.Цена на аранжманот

- **21.800** денари,

**Во цената на аранжманот вклучено е:**

- превоз со висококвалитетен туристички автобус на дадената дестинација, локалните трансфери и екскурзии за време на патувањето, вклучително:
    - посета и разглед на околината на Торино
    - посета и разглед на Пиемонте регионот*****
- сместување во двокреветни соби во хотел со 3* на база 5 ноќевање со појадок Хотел „Риволи“ www.rivolihotel.it/en/
- организација и реализација на патувањето, водење на еднодневните тури на Тера Мадре Салоне дел Густо од „Слоу Фуд Македонија„

*****) екскурзиите ќе се реализира доколку навремено се пријават најмалку 20 лица, заради навремена резервација на термините и понудените цени на влезниците кои се доставени до нас.

**Во цената на аранжманот не е вклучено:**

- патничко осигурување

Билети за екскурзиите:
Посета на Венеција:

- билет за воз на релација Местре - Венеција: 1,4 евра во еден правец

Екскурзија околу Торино:

- Базилика Суперга влезница: од 4 евра (за група)
- Регија ди Венариа влезница: 15 евра (група од 12-25 лица)
- Музеј на Јувентус : влезница 15 евра

Винска тура во регионот Пиедмонт:

- Банка за вино: посета и дегустација – влезот е слободен, цена на вината од 2, 4 и 6 евра за чаша
- Винарија Marchesi di Barolo: посета и дегустација – 10 евра
- Замок Castello Grinzane: влезница - 5 евра (група над 25 лица)

- се што не е наведено во програмата

**Напомена:**

- Калкулацијата е правена на целосно пополнет автобус со  49 патници, би ве замолиле за навремено пријавување и уплата на вашиот аражман, најдоцна до 14.09 2022, среда
- Аражманот е наменет за членови на Слоу Фуд во Македонија
- За оваа програма важат општите услови за патување на „Хера Турс Травел“




# 3.Информации и уплата:

**Информации и пријавување:**
**Николче Николовски,** Слоу Фуд Македонија, nikolce.n@slowfood.mk;  070 922 429

**Уплата:**
**АГЕНЦИЈА – Т.А. ХЕРА ТУРС ЕКСКЛУЗИВ, увоз-извоз, Битола**
Ул. Јосиф Јосифовски бр.6,
7000 Битола, Република Македонија
тел:  047 233 603
мобилен: 077 500 989
t.a-heratours@hotmail.com
http://www.heratours.mk/

“Слоу Фуд Македонија на Тера Мадре 2022“
Сметка: 270 070857020152
ХАЛКБАНК АД СКОПЈЕ

Slow Food®
Macedonia

HERA TOURS
Travel Agency

# 4.Логистика

**Автобус на „Тера Турс Ексклузив“**









**Хотел „Риголи“ *****

Corso Primo Levi n°150 - 10098 Rivoli - Torino - Italy
Tel: +39 011 9566586 - Fax: +39 011 9531338
E-Mail: info@rivolihotel.it
https://www.rivolihotel.it/en/






